Анализа на јавното мислење бр. 2/2025

# ЕУ интеграцијата во 2024: Од европски сон до македонска реалност

Авторки: Анамарија Велиновска и Ана Софеска

-

Февруари 2025



IDSCS | Institute for Democracy Societas Civilis -Skopje

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

*Гледиштата изразени во овој документ се на авторот и не нужно ги одразуваат гледиштата на Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за демократија “Социетас Цивилис” - Скопје.*

# Импресум

**Наслов:** ЕУ интеграцијата во 2024: Од европски сон до македонска реалност

**Издавач:** Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија
Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје

**Авторки:** Анамарија Велиновска и Ана Софеска

**Превод:** Гордан Танасков

**Дизајн:** Матеа Лондза Шумковска

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**

https://www.idscs.org.mk

https://www.kas.de/en/web/nordmazedonien

# Клучни наоди

• ЕУ останува најголемиот посакуван економски партнер (33%) и донатор (40%) на земјата, по која следи САД (22% за економски партнер, 17% за донатор).

• Граѓаните остануваат поделени во ставовите за следните чекори во евроинтегративниот процес. Само 20% од граѓаните сметаат дека уставни измени треба да се неопходниот следен чекор, а 21% од граѓаните сметаат дека со процесот треба да се запре.

• Се бележи  пад на оптимизмот за подготвеноста на Европската Унија да ги прими земјите од Западен Балкан како членки до 2030 година (од 50% во 2023 на 33% во 2024).

• Испитаниците Албанци се повеќе ориентирани кон Запад (62%), додека испитаниците Македонци се повеќе поделени (33% за Запад, 46% неутрални).

• Најголем дел од испитаниците ги гледаат реформите во правосудството (34%) како приоритетни во пристапувањето во ЕУ.

• Граѓаните ја гледаат евроинтеграцијата како најважен надворешно-политички приоритет (35%), а по неа ја приоретизираат регионалната соработка (26%).

• САД и понатаму се гледаат како фактор со најголемо влијание во земјата (41%), но нивното влијание бележи пад во однос на 2023 (60%). Во исто време, влијанието на ЕУ значително се зголемува (од 19% во 2023 на 37% во 2024).

• ЕУ останува најважен сојузник (39%), следена од САД (19%). Младите (18-24 години) оваа година покажуваат отвореност кон Кина (19%), додека испитаниците над 65 години (65+) изразуваат поддршка за Русија (15%).

# Вовед

Во периодот од 2016 година досега, Институтот за демократија (ИДСЦС) и Фондацијата Конрад Аденауер (КАС) спроведуваат национална анкета со репрезентативен примерок за прашања кои се релевантни за процесот на интеграција на Северна Македонија во Европската Унија (ЕУ). Истражувањето се состои од прашања кои се повторуваат секоја година со цел да се утврдат трендовите низ годините и прашања кои се однесуваат на актуелните политичките случувања. Конкретно, ова издание на анкетата го разгледува јавното мислење за актуелните прашања поврзани со евроинтегративниот процес, вклучувајќи ги преземените обврски неопходни за продолжување на преговарачкиот процес со ЕУ, гледиштето на граѓаните околу економски приоритети и глобалните геополитички стратешки актери. Податоците ни овозможуваат да направиме споредбена анализа на трендовите присутни во јавното мислење, а истовремено да го осознаеме и генералниот став за најактуелните прашања во конкретната година. За подетална анализа, секое прашање е следено, меѓу другите параметри, од аспект на политичка ориентација и етничка припадност на испитаниците. Наодите од анализата се сумирани во вкупно три категории: *1) ЕУ интеграција и реформски процеси 2) Економски приоритети и партнерства; и 3) Глобална геополитика и стратешки партнери*

Истражувањето беше спроведено теренски во период од 25 октомври до 4 декември 2024 година, преку примерок од 1056 испитаници изработен од страна на Државниот завод за статистика базиран на адреси.

# Преглед на политички случувања во 2024 година

Политичките случувања во Северна Македонија изминатата година беа клучни за насоката на земјата во следните години. Во април и мај се одржаа претседателски и парламентарни избори, кои доведоа до промена на власта. По изборот на претседателски кандидат поддржан од ВМРО-ДПМНЕ, следеше реконфигурација на парламентарното мнозинство и формирање на нова Влада. Коалицијата „За европска Македонија", предводена од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) и „Европскиот фронт" на Демократската унија на Албанците (ДУИ), го изгуби владиниот мандат. Власта ја презеде коалицијата „Твоја Македонија", предводена од ВМРО-ДПМНЕ, со поддршка од албанската коалиција „Вреди" и движењето „ЗНАМ". Оваа промена означи крај на Владата на СДСМ, како и на дводецениското доминантно присуство на ДУИ како главен претставник на албанскиот електорат.[1]

Новата Влада ги претстави своите политики преку „Платформа 1198"[2] – збир од 1198 проекти подредени во шест главни постулати: подобрување на животниот стандард, борба против корупцијата, зајакнување на законитоста, градење функционален систем за граѓаните, унитарен патриотизам и заштита на правата и слободите.

Во фокусот на Владата беше најавен економски развој и реформирање на системот за подобрување на животниот стандард. Во првите шест месеци, беа објавени странски директни инвестиции во вредност од 838,2 милиони евра[3] и заем од Унгарија од една милијарда евра[4].

Првиот предлог-закон што беше ставен пред пратениците на разгледување во новиот состав на Собранието беше законот за реорганизација на Владата[5]. Во рамки на реорганизацијата се напушти хоризонталниот концепт на Секретаријатот за европски прашања и истиот се реорганизираше во Министерство за европски прашања. Новата Влада претстави и

1 Државна изборна комисија: Соопштение - Заклучок за завршување на изборите за пратеници во Собранието на РСМ одржани на 08.05.2024 година https://www.sec.mk/zakluchok-za-zavrshuvanje-na-izborite/
2 Веб страна на ВМРО ДПМНЕ - Изборната „Платформа 1198" на ВМРО-ДПМНЕ https://shorturl.at/3zhjo
3 Народна банка на Република Северна Македонија (НБРМ)- Директни инвестиции движење https://www.nbrm.mk/direktni_investicii_dvizenja.nspx
4 Соопштение на Влада на Република Северна Македонија https://vlada.mk/node/37795
5 Дневен ред на пленарна седница на Собрание на Република Северна Македонија https://www.sobranie.mk/detali-na-sednica.nspx?sittingId=72c0b0d8-d42c-41e6-a974-5fb8e550e7cc

поинаков пристап кон условот за продолжување на преговорите, односно лобираше за т.н. уставни измени со одложено дејство.[6] За сега, овие лобирања се уште немаат вродено со плод, а со тоа обврската за вклучување на бугарското малцинство во Уставот останува да биде исполнета.

Како поттик за реформи што се комплементарни на евроинтеграцискиот процес, Европската комисија ја одобри реформската агенда во рамките на Планот за раст и развој на Западен Балкан.[7] Прviот финансиски поттик од 52.5 милиони евра се очекува да пристигне на почетокот на 2025 година[8]. Во регионален контекст, Северна Македонија се обврза на исполнување на преземените одговорности од регионалните иницијативи, пред сè, Берлински процес кој вклучува нов акциски план за заеднички регионален пазар за наредните четири години[9].

На глобално ниво, промените кај стратешките партнери на земјата – Европската унија и Соединетите Американски Држави – донесоа нови предизвици. САД добија нова републиканска администрација, додека Европската Унија назначи нов комесар за проширување, Марта Кос со нова организациска поставеност која ќе се фокусира исклучиво на политиката на проширување[10] [11]

Во следниот дел од текстот го истражуваме гледиштето на граѓаните за неколку клучни годишни случувања. Најпрво ја анализираме јавната перцепција за економските приоритети и фактори на влијание во државата, по кои следат размислувањата за европската интеграција и реформски процеси кои ги носи истата, и конечно за геополитичките надворешни влијанија.

---

6 МИА Соопштение https://mia.mk/story/delayed-implementation-of-constitutional-changes-doesnt-require-changes-to-negotiating-framework-fm%C2%A0

7 Министерство за европски прашања: Реформска агенда на Северна Македонија https://mep.gov.mk/en/post/?id=15800

8 Записник од Јавна расправа на Комисија за европски прашања при Собрание на Р.Северна Македониај https://www.sobranie.mk/detali-na-komisiska-sednica.nspx?sittingId=c2f3d46f-a481-4a9e-8c88-f4b527bf55ad

9 Заклучоци од состанок на лидери на Берлински процес 2024 https://www.berlinprocess.de/uploads/documents/chairs-conclusions-2024_1728992421.pdf

10 Европски парламент, Соопштение од сослушување на Марта Кос https://www.europarl.europa.eu/news/en/press-room/20241029IPR25046/hearing-of-commissioner-designate-marta-kos

11 Европска комисија, Организациска шема Organisation chart - European Commission

# Економиски развој во фокус на државата

Во изборната кампања развојот на економија и подобрување на квалитетот на животот беше често споменувана тема. По формирањето на Владата, на оваа линија најпрво беше најавен (и реализиран) заем од земја членка на ЕУ – Унгарија, но и странски директни инвестиции меѓу кои најмногу во енергетскиот сектор.

Економските прашања се од суштинска важноста на граѓаните. Поради тоа, истражувањето се фокусира на економските партнерства низ прашања кои се поставуваат 6 години наназад со што се овозможува лонгитудинално следење.

Граѓаните најголема доверба за економска соработка имаат во Европската Унија (33%) и САД (22%). ЕУ е доминантен избор, што се совпаѓа со евроинтегративните стремежи на земјата и трговската зависност од земјите членки, додека САД е втор најпопуларен партнер, укажувајќи на силната трансатлантска врска и важноста на американската поддршка за економскиот и политичкиот развој. По и ЕУ и САД следат Турција (15%), Кина (10%) и Русија (10%).

Впрочем, укажаната доверба од страна на граѓаните не се разликува од реалната состојба. Во 2024 година, ЕУ учествувала со 61% од вкупната трговска размена, а традиционално Германија се истакнува  најголемиот трговски партнер на државата со учество од 23% од вкупната трговска размена,[12].

**Кој мислите дека треба да биде главен економски партнер на земјата?**




[12] Државен завод за статистика, Соопштение за трговска размена за 2024 https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=78

Додека пак првото прашање се фокусира на граѓанските погледи на трговската размена, следното прашање го истражува најголемиот донатор. Од одговорите може да се види дека повторно ЕУ е восприемена како најголемиот донатор со 40% од испитаниците, што е значително повеќе во споредба со САД (17%) и Германија (12%). Интересно е дека 11% од испитаниците не знаат кој е најголемиот донатор, што сугерира дека одреден број на испитаници може да немаат доволно информирации за развојната финансиска помош.

### Кој е најголемиот донатор (дава пари за развој) на земјата?




Следено низ годините, ЕУ ја задржува својата предност пред другите посочени донатори. Изминатите две години 40% од испитаниците ја истакнуваат ЕУ, додека пак САД традиционално се задржуваат на второ место со перцепција која во последните години се движи меѓу 17% и 22%. Русија, Кина, Германија и Турција остануваат со значително пониски проценти.

Од следењето на податоците низ годините се согледува дека постои континуирана перцепција за најголемиот донатор, која не претрпува големи флуктуации низ годините. Последните податоци од Организацијата за економска соработка и развој за 2022 година ги потврдува овие ставови. Впрочем, ЕУ учествувала со 72 милиони долари развојна помош, наспроти 17.5 милиони долари од САД, што упатува на тоа дека граѓаните добро се запознаени и ја препознаваат ЕУ како актер кој придонесува кон развојот на земјата.[13]

[13] Организација за економска соработка и развој. Достапно на линк https://stats.oecd.org

Кој е најголем донатор (дава пари за развој) на земјата? (гледано од аспект на претходни години)




# Европска интеграција и реформски процеси

Покрај внатрешните процеси кои минатата година беа насочени кон економијата, надворешната политика, поточно европската интеграција останува најгорливата тема на македонските граѓани. Дебатата за колку една партија е наклонета кон процесот секогаш била појдовна точка на предизборните кампањи. Така и во 2024 година, ветувањата околу процесот на интегрирање не изостанува во програмите на партиите. Подолу, истражуваме кој е ставот на граѓаните околу клучните прашања за процесот.

Прашањето кое го следиме оваа и изминатата година ја истражува перцепцијата на граѓаните за кои чекори сметаат дека треба да се преземат. Оттука, на испитаниците им се нудат четири одговори почнувајќи од реалниот услов поставен во преговарачката рамка, проследен со можноста за промена на преговачкатата рамка, кој е скоро недостижен и исклучително тежок чекор за исполнување. Последните две опции претставуваат статус кво и повлекувачко дејство.

Резултатите покажуваат дека испитаниците се целосно поделени во ставовите околу потребните промени за европската интеграција. Низ бројки, 22% од испитаниците сметаат дека ништо не треба да се промени, додека 21% бараат промена на преговарачката рамкаа ист процент сметаат дека треба да се сопре со преговорите. 20% од испитаниците поддржуваат уставни измени за вклучување на нови малцинства како следен чекор на патот кон ЕУ.

### Кои промени сметате дека треба да се направат на патот кон Европска Унија?




Постојат етнички разлики како се перципираат следните чекори за евроинтеграциите. Мнозинството испитаници Македонци имаат негативна перцепција кон следните чекори поточно 27% сметаат дека ништо не треба да се направи и подеднакво ист процент од 27% од испитаниците сметаат дека процесот на преговори треба да се сопре. Наспроти тоа, скоро мнозинство од испитаниците Албанци или 47% ја поддржуваат уставната промена за вметнување на нови малцинства, вклучувајќи го и бугарското.

### Кои промени сметате дека треба да се направат на патот кон Европска Унија? (гледано од аспект на етничка припадност)




Во споредба со 2023 година, кога за прв пат беше поставено ова прашање не се согледуваат некои драстични разлики во перцепцијата на граѓаните. Процентот на испитаници кои сметаат дека треба се има статус-кво е намален од 29% на 22%, а мал процент на граѓани го смениле своето размислување од прифаќање на промени во Уставот кон промени во преговарачката рамка.

### Кои промени сметате дека треба да се направат на патот кон Европска Унија? (гледано од аспект на претходни години)




- Да го промени уставот преку вметнување на нови малцинства, вклучувајќи го и бугарското малцинство
- Да го промени францускиот предлог (поточно преговарачката рамка)
- Да се сопре со процесот на преговори.
- Ништо да не направи
- Не знам / Нема одговор

Следено според политичка афилијација, може да се согледаат разлики во ставовите на испитаниците. Поддржувачите на СДСМ (44%), ДУИ (56%) и Коалицијата ВЛЕН (58%) најмногу ги поддржуваат уставните измени, додека гласачите на ВМРО-ДПМНЕ се поделени – 30% бараат измена на францускиот предлог, но исто толку сметаат дека преговорите треба да се стопираат. Најизразена желба за прекинување на преговарачкиот процес има кај испитаниците на Левица, од кои 43% се за целосно запирање на процесот.

### Кои промени сметате дека треба да се направат на патот кон Европска Унија? (гледано од аспект на политичка афилијација)




- Да го промени уставот преку вметнување на нови малцинства, вклучувајќи го и бугарското малцинство
- Да го промени францускиот предлог (поточно преговарачката рамка)
- Да се сопре со процесот на преговори.
- Ништо да не направи
- Не знам / Нема одговор

По утврдување на перцепцијата на граѓаните за следните чекори во процесот, се истражува нивното гледиште околу самиот процес. Во оваа насока, важно е да се разбере како граѓаните гледаат на истиот процес, прашање кое се следи во 2023 и 2024 година.

Во 2024 година, секој трет испитаник или 33% гледа на процесот како усогласување со законодавството и стандардите на ЕУ. Овој податок ни покажува дека граѓаните ја препознаваат важноста на институционалната и правната реформа како основна компонента на евроинтеграцијата. Дополнително, овој процент останува ист и во 2023 година (33%).

Сепак, четвртина од испитаниците (25%) не го гледаат процесот ни како задоволување на барањата на соседите, ниту како усогласување со законодавството, а 19% од испитаниците одговориле дека процесот ги содржи и двата понудени одговори. Најмал број на испитаници (13%) гледаат на процесот како задоволување на барањата на нашите соседи, иако е услов кој е најмногу споменуван во јавното мнение.

### Како го перципирате процесот на преговарање со ЕУ?




Следно прашање во делот на евроинтеграциите е како граѓаните гледаат на приоритетите во политиката на проширување. Најголем дел од испитаниците ги гледаат реформите во правосудството (34%) како приоритетни во пристапувањето во ЕУ, што укажува на свесност за нивната улога во доброто владеење и демократијата. Следуваат усогласувањето и примената на законодавството на ЕУ (21%) и искористеноста на ЕУ фондовите (19%), што истакнува приоритети како законодавната усогласеност и финансиската апсорпција.

**Кои од следниве области треба да бидат приоритет во политиката на пристапување кон ЕУ на Владата?**




Последното прашање релевантно за преговарачкиот процес е истражување на перцепцијата за подготвеноста на ЕУ да ги прими земјите од Западен Балкан како членки. Ова прашање го следиме веќе две години и оваа година се забележува значителен пад на оптимизмот кај граѓаните во споредба со 2023 година кога се работи за приемот на земјите од Западен Балкан во Европската Унија до 2030 година. Во 2024, само 33% од испитаниците веруваат дека Европската Унија ќе биде подготвена да ги прими земјите од Западен Балкан до 2030 година, што претставува значителен пад во однос на 50% во 2023. Најголем процент од испитаниците (52%) во 2024 година не веруваат дека ЕУ ќе биде подготвена да ги прими земјите од Западен Балкан до 2030, што е значително зголемување во однос на 43% во 2023. Овој тренд укажува на се поголемото разочарување кај граѓаните во однос на брзината на интеграцијата и предизвиците што ги соочуваат земјите од регионот.

**Дали верувате дека Европската Унија ќе биде подготвена да ги прими земјите од Западен Балкан како членки до 2030 година? (гледано од аспект на претходни години)**



# Глобална геополитика и стратешки партнери

Во следниот сет од прашања, се истражува гледиштето на испитаниците за глобалната геополитика и како таа се одразува на внатрешните процеси. За почеток, ги истражуваме мислењата за приоритетите на Владата за надворешната политика. Резултатите од истражувањето за приоритетите во надворешната политика на Владата ја одразуваат силната поддршка на граѓаните за евроинтеграцијата и регионалната соработка.

Највисок процент од испитаниците (35%) сметаат дека пристапувањето кон Европската Унија треба да биде главен приоритет на надворешната политика. Ова покажува дека граѓаните ја препознаваат Европската Унија како клучна за економскиот и политичкиот развој на земјата и го поддржуваат процесот на интеграција во ЕУ.

Следен по важност е регионалната соработка со земјите од Западен Балкан, која има поддршка од 26% од испитаниците. Ова ја нагласува потребата за јакнење на регионалните односи и соработка, особено во контекст на политичката и економската стабилност на Балканот.

По овие две опции следуваат соработките со големите светски сили. Соработката со САД (11%) добива поголема поддршка во споредба со Русија и Кина (по 10%), додека поддршката за Бугарија и Грција е минимална (по 2%).

**Кои од следниве области треба да бидат приоритет во надворешната политика на Владата?**



Резултатите следени според возраста на испитаниците, покажуваат дека пристапувањето кон ЕУ е најголем приоритет за сите возрасни групи, но со одредени разлики. Највисока поддршка за ЕУ имаат возрасните групи 35-44 години (41%) и 45-54 години (39%). Сепак, младите (18-24 години), иако исто така ја поддржуваат ЕУ (34%), покажуваат поголема отвореност кон другите опции, како што е зајакнување на соработката со Кина (14%) и Русија (9%). Дополнително, постарата популација (65+) има уште поизразена наклонетост кон овие земји, со 15% за Русија и 14% за Кина.

**Кои од следните области треба да бидат приоритет во надворешната политика на Владата (гледано од аспект на возраст)**




Резултатите од истражувањето покажуваат поделени ставови меѓу граѓаните геополитичката позиција. Најголемиот дел од испитаниците (40%) сметаат дека припаѓаме на Запад, што укажува на доминантна ориентација кон Европа и евроатлантските интеграции. Ова е во согласност со политичката насока на земјата која тежи кон членство во Европската Унија и НАТО.

Над третина од испитаниците или 39% одговориле дека земјата не припаѓа ни на Исток, ни на Запад, што може да се интерпретира како индикатор на сложеноста на националната идентитетска ориентација, при што граѓаните се чувствуваат на пресекот помеѓу различни културни и политички влијанија.

**Со кое мислење се согласувате?**




Во целина, се забележува дека ставот за геополитичката припадност се разликува во зависност од етничката припадност. Најголем процент на поддршка за западната ориентација се забележува кај испитаници кои се етнички Албанци (62%), додека кај испитаниците Македонци поголема е поделбата, имено 33% сметаат дека земјата припаѓа на Запад, додека 46% сметаат дека не припаѓа ниту на Исток, ниту на Запад.

**Со кое мислење се согласувате? (гледано од аспект на етничка припадност)**




Во 2023 година, најголем дел од испитаниците (51%) сметале дека државата „не припаѓа ниту на Исток, ниту на Запад", додека во 2024 година тој процент се намалува на 39%. Истовремено, се зголемува бројот на граѓани кои ја гледаат државата како дел од Западот (31% во 2023, на 40% во 2024), што укажува на поголема поддршка за интеграција во евро-атлантските структури, во однос на изминатата година.

**Со кое мислење се согласувате? (гледано од аспект на претходни години)**




Конечно, последните две прашања ја истражуваат перцепцијата на граѓаните за надворешен фактор со најголемо влијание и кој би бил најдобриот сојузник. Традиционално и во 2024 година, САД се сметаат за факторот со најголемо влијание со 41% од испитаниците, но со своевиден пад во однос на 60% во 2023 година. Ова може да биде последица на различни фактори, вклучувајќи ги глобалните политички промени и регионалните предизвици, но и растечката важност на ЕУ во процесот на евроинтеграција на Македонија.

Европската Унија, е повторно на второ место со 37%, што претставува значителен пораст во однос на 19% во 2023 година.

Русија, која низ годините има релативно ниско влијание, останува со сличен процент од 6%.

**Според Вас, кој надворешен фактор има најголемо влијание во нашата земја? (гледано од аспект на претходни години)**



Резултатите од истражувањето за најдобриот сојузник покажуваат јасна поддршка за Европската Унија, која се перципира како најважен сојузник од страна на 39% од испитаниците. Ова одразува позитивна ориентација на граѓаните кон евроинтеграцијата и процесот на пристапување на Македонија во Европската Унија. САД се на второ место со 19%, а Русија, Турција и Кина се помалку перципирани како клучни сојузници, со 11%, 10% и 10% соодветно.

**Според Вас, кој би бил најдобар сојузник на нашата земја?**




Резултатите од истражувањето во 2024 година покажуваат тренд на стабилизација на ставовите на граѓаните за најдобар сојузник со некои промени во однос на претходните години.

Во 2024 година, Европската Унија продолжува да биде најважен сојузник, со 39% од испитаниците, што претставува раст во однос на 33% во 2023 година. Овој тренд укажува на растечка поддршка за евроинтеграцијата и процесот на пристапување во ЕУ. САД остануваат стабилни со 19%. Интересно е што Русија, која во 2017 година имаше 25%, сега е на 11%, што покажува значително намалување на нејзиниот углед како потенцијален сојузник.

**Според Вас, кој би бил најдобар сојузник на нашата земја?**
**(гледано од аспект на претходни години)**




Доколку ова прашање го следиме според возраст, тогаш можеме да согледаме ЕУ повторно е доминантен избор за сите возрасти, со највисока поддршка кај 35-44 години (50%). Ова е во согласност со нивната силна поддршка за пристапување кон ЕУ како приоритет во надворешната политика. Меѓутоа, младите (18-24 години) покажуваат интерес и за Кина (19%), додека постарата популација (65+ години) изразува значителна поддршка за Русија (15%).

**Според Вас, кој би бил најдобар сојузник на нашата земја?**
**(гледано од аспект на возраст)**



# Заклучок

Промените во власта во 2024 година донесоа нови политички приоритети, а економскиот развој и странските инвестиции се позиционирани како главен фокус на новата Влада. Јавната перцепција за економските партнери покажува континуирана ориентација кон Европската Унија и САД.

Евроинтегративниот процес останува како најважно прашање во надворешната политика на земјата, но поделеност во нивното размислување за како треба следно да се постапи. Дополнително, расте искептицизмот во однос на подготвеноста на ЕУ да ги прими земјите од Западен Балкан до 2030 година. Сепак, ЕУ останува најважен економски и политички партнер за земјата, што се рефлектира и во доминантниот став дека реформите во правосудството и усогласувањето со европските стандарди се клучни за пристапниот процес.

Во поглед на геополитичката ориентација, САД продолжуваат да се перципираат како фактор со најголемо влијание, но забележливо е и значителното зголемување на перцепцијата за влијанието на Европската Унија.

# Информации за КАС

–

Слобода, правда и солидарност се основните начела врз кои почива работата на фондацијата Конрад Аденауер Штифтунг (КАС). КАС е политичка фондација тесно поврзана со Христијанската Демократска Унија на Германија (ЦДУ). Ние работиме на образовни програми за општеството и соработуваме со владини институции, политички партии, граѓански организации и избрани елити, градејќи силни партнерства. Заедно со нашите партнери даваме придонес кон создавањето на меѓународен поредок, кој овозможува секоја земја да се развива во духот на слободата и својата одговорност.

**Контакт податоци за КАС**

-

Адреса: ул. Ристо Равановски
бр.8, 1000 Скопје.
Телефонски број: +389 2 321 70 75
+389 23 21 70 76,
електронска пошта: Skopje@kas.de

# Информации за ИДСЦС

–

ИДСЦС е тинк тенк организација која го истражува развојот на доброто управување, владеењето на правото и европските интеграции на Северна Македонија. ИДСЦС има мисија да ја помогне граѓанската вклученост во носењето на одлуки и да ја зајакне партиципативната политичка култура. Преку зајакнување на слободарските вредности, ИДСЦС придонесува на соживот помеѓу различностите.

**Контакт податоци за ИДСЦС**

-

Адреса: ул. Мирослав Крлежа
бр. 52/1 /2, 1000 Скопје
Тел. бр.: +389 2 3094 760 ,
електронска пошта: contact@idscs.org.mk

# Податоци за авторките

**Анамарија Велиновска** е истражувач и проектен менаџер во Центарот за европски интеграции при Институтот за демократија. Велиновска има магистрирано на студиите за "Јавни политики" на Универзитетот од Единбург, како Чивнинг стипендист на Британската влада. Нејзините области од интерес се: европски интеграции, регионална соработка и надворешни политики

**Ана Софеска** е помлад истражувач и проектен асистент во Центарот за европски интеграции при Институтот за демократија. Нејзините истражувачки интереси се фокусирани на европската политика на проширување и регионална соработка. Таа има дипломирано Политички студии на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, каде што моментално студира на втор циклус по Меѓународни односи, Дипломатија и Европски интеграции.

IDSCS | Institute for Democracy
Societas Civilis -Skopje

KONRAD
ADENAUER
STIFTUNG